*Редакцискиот Одбор на Списанието "Глобал" објавува*

# Повик за примање текстови

## ГЛОБАЛ, Ревија на Институт Охрид

**Рок: 07 Јануари 2008 год.**

Уредувачкиот одбор на ГЛОБАЛ, Ревија на Институт Охрид објавува повик за примање текстови за второто издание кое ќе излезе во декември 2007 год.

ГЛОБАЛ, Ревија на Институт Охрид е тримесечно списание издавано од Институт Охрид за економски стратегии и меѓународни односи.Се однесува на теоретски и истражувачки дел во полето на економскиот развој, меѓународна безбедност, мировни студии, конфликтни решенија, градење на мир и други области од економијата и политиката, од мултидисциплинарна перспектива; теоретски и емпириски обработени.

За второто издание на магазинот, авторите се повикуваат да ги поднесат нивните текстови на главните теми од

- Политичкиот развој
- Економска перспектива

Сакаме да укажеме дека темата може да обработат во различен контекст, во македонска, регионална или глобална димензија. Пожелно би било македонските автори да ги рефлектираат своите погледи во однос на македонскиот идентитет. Освен главната тема, и другите рубрики на списанието се отворени за предлог на текстови. Без обзир во која рубрика да се класифицираат предложените текстови, тие мора да бидат во корелација со главната тема на списанието.

Оние кои се заинтересирани треба да достават до уредништвото краток предлог за текст (200-300 зборови) и биографија најдоцна до 31 октомври 2007 г. Финалната верзија на одбраните предлози треба да се приложи најдоцна до 07 ноември 2007 г. Предлозите и финалните текстови можат да бидат на македонски или англиски јазик.

Сите текстови, биографии и прашања може да ги доставете на b.janeva@oi.org.mk. Ве молиме следете ги долунаведените

Иако е неограничено, ве молиме да ги разгледате следнитве точки.

Во случај на поднесување на теоретски текстови, ве молиме да вклучете: краток извадок, вовед, широк литературен преглед, теоретка содржина, заклучок и библиографија.

Во случај на поднесување на емпириски текстови, ве молиме да вклучите: краток извадок, вовед, краток литературен преглед, методологија, емпириски откритија, донесен заклучок со политичка содржина и библиографија.

Формат:

- Големина на текстот: 1.500-2.500 зборови
- Фонт: **Times New Roman** на Англиски или на Македонски ( Кодна кирилица)
- Проред: 1,5
- Стил на цитирање: footnote style –The Chicago Manual of Style(CMS) – (достапен и во attachment)
- Табели, графици статистички податоции други визуелни цели кои треба да се во склоп на текстот под табелата, графиконот итн и во согласност со CMS
- Секој текст треба да содржи abstract на англиски јазик помеѓу 150-200 збора кој накратко ја објаснува содржината на текстот како и клучните прашања кои текстот ги обработува
- Секој текст треба да содржи 3-5 клучни зборови кои најдобро ја опишуваат темата
- Секој текст треба да има и библиографија во согласност со CMS
- Секој автор треба да приложи кратка биографија. Биографијата треба да се достави во посебно досие со цел да се зачува анонимноста преку процесот на селекција и евалуација на текстот од уредничкиот одбор.

Уредниците и издавачите на “Глобал„ не одговораат за евентуални случаи на плагијаторство или нерегулирани авторски или издавачки права на текстовите кои се објавуваат. Овие обврски треба да се претходно регулирани од страна на авторите. Авторите на текстовите се одговорни за стекнување на авторско право и други слични дозволи.

Сите текстови прво ќе ги разгледува Уредувачкиот одбор, за главните релевантни и значајни теми и за неговата согласност со периодичните настани

Со почит,

Уредувачки одбор на “ГЛОБАЛ”